



# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН













# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ЦРВЕНИОТ КРСТ ДОБИ НОВ ЛОГИСТИЧКИ ЦЕНТАР ВО КАРПОШ

По повод Светскиот ден на Црвениот крст 8 мај и Деновите на Црвениот крст на Република Македонија 8-15 мај, во населбата ,, Момин Поток", свечено беше пуштен во употреба реконструираниот Центар за логистика. Пред голем број граѓани и официјални претставници на Меѓународниот црвен крст, и Црвен крст на Германија, генералниот директор на Црвен крст на Република Македонија Саит Саити го покани градоначалникот на Општина Карпош заедно да ја пресечат „црвената лента", со што и официјално новиот објект започна да работи. Во своето обраќање директорот Саити нагласи дека овој објект бил реконструиран за рекордни 105 денови, и истиот целосно ќе ги задоволува потребите на оваа институција. Тој истакна дека Центарот за логистика бил изграден со несебична помош на Меѓународниот црвен крст, Црвен крст на Германија, Шпаркасе банка и со големо залагање на градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

- Особено му благодарам на г-динот Јакимовски, кој освен со законски утврдените норми, надвор од нив по сопствена волја, даде голем придонес во изградбата на објектот, како докажан поддржувач и помагач на политиките кои ги спроведува Црвениот крст на Македонија, напомена директорот на Црвен крст Саит Саити.

По официјалното пуштање во употреба на објектот, присутните имаа можност со кратка обиколка да го разгледаат истиот, и да се запознаат со неговите инфраструктурни капацитети .



# ПОЧИТ КОН БРАНИТЕЛИТЕ НА „МАТКА“

Делегација на Општина Карпош, во знак на одбележување на 9 Мај, Денот на победата над фашизмот, положи цвеќе на споменикот на борците од 12. Македонска ударна бригада во непосредна близина на браната „Матка“.

Настанот, кој беше организиран од страна на Руската амбасада во Македонија, беше пригода да се евоцираат спомени од првоборците, учесници во Втората светска војна за паднатите соборци кои успеаја да го спречат уривањето на браната од страна на фашистичките окупатори, а со тоа да придонесат за ослободување на Градот Скопје.






# ЃУРЃОВДЕН ВО КАРПОШ

Во неделата (08,05,2016) во пригодна атмосфера, со богата трпеза и традиционална ромска музика, граѓаните на Општина Карпош од ромска националност го прославија празникот Ѓурѓовден. Голем број присутни Роми, како што велат самите, „го испраќаат Ѓурѓовден", кој за нив претставува празник предвесник на пролетта и славењето на животот. Токму на овој ден тие си посакуваат здравје, долг живот и среќа.

Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, во својот говор истакна дека локалната самоуправа вложува големи средства и напори за подобрување на квалитетот на животот на населеното место ,, Злокуќани '', и работи на поголема социјална вклученост на граѓаните. Општинскиот татко упати апел до родителите, да си ги запишуваат своите деца на училиште, бидејќи образованието е темел на секоја изградена личност. Исто така првиот човек на Општината додели стипендија за стекнување на музичко образование, на ученик од ООУ ,, Аврам Писевски" кој освоил втора награда на општинско ниво во изведба на песна , со која талентираниот ученик ќе добие можност да се изгради како професионален и едуциран музичар.



# ДВЕ НАГРАДИ ЗА ТАЛЕНТИРАНАТА АНА КРСТЕВСКА

Мултиталентираната ученичка од ООУ „Вера Циривири Трена“, Ана Крстевска, изминатиот викенд се закити со две награди. На 37-от Државен натпревар по географија кој беше во организација на ПМФ-Институтот за географија, Ана втор пат по ред освојува прво место во Република Македонија, додека пак на 41-от Државен натпревар по математика за основно образование, организиран од Факултетот за електротехника и информатички технологии, талентираната ученичка го освои третото место во конкуренција на 64 основци од целата држава. Со ова, Ана обезбеди место на јуниорската македонска математичка Олимпијата која ќе се одржи на 28 мај, а локацијата на настанот дополнително ќе се утврди.



# ПАРИЧЕН ПОВРАТ НА ПРВИТЕ ПЕТ „ЕНЕРГЕТСКИ“ ИНВЕСТИТОРИ ВО КАРПОШ

Во периодот од 2012 до 2014 во општина Карпош се изградени 244 енергетско ефикасни објекти. Од нив 117 се од А и Б класа, што значи дека трошат помалку од 50 киловатчасови енергија на квадратен метар, а од нив 68 користат и обновливи извори на енергија. Ваквиот пример на инвестирање во енергетско ефикасни објекти го следат и граѓани и фирми кои во изградбата на своите индивидуални и колективни домови, користат материјални со кои се постигнува енергетско-ефикасна заштита на објектот. Токму ова беше повод, градоначалникот на Карпош Стевчо Јакимовски да свика прес конференција и официјално да им ги врачи првите пет решенија на граѓани кои изградиле најдобри енергетско-ефикасни објекти, со што до 20 % од уплатените средства за комуналии, ќе им бидат вратени назад.

-Со ова правиме пионерски потег, кој сакаме да биде пример и поттик за останатите локални самоуправи, но и за Министерството за економија и Министерството за екологија, да ги поддржуваат објектите со енергетско-ефикасна заштита. Ние први донесовме Правилник за енергетска ефикасност, врз основа на кој се дава согласност и одобрение за изградба на вакви објекти, но во исто време, со него се предвидува враќање на дел од средствата уплатени за комуналии, на објекти изградени со ваков тип на енергетска заштита. Во зависност од тоа каква изолација имаат вградено објектите, какви прозори имаат ставено, дали се тие енергетско-ефикасни, со низок коефициент на пропустливост на топлина, дали користат обновливи извори на енергија, и натаму какви потрошувачи имаат внатре во самиот објект, следи и процентот на поврат на таксите платени од локалната власт, образложи првиот човек на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.





Понатаму, тој напомена дека според Правилникот од 2012 до 2015 година, Карпош има 117 енергетско-ефикасни објекти, од кои 68 користат и обновливи извори на енергија, што претставува големо задоволство за Општината. Поради тоа денес им се врачуваат првите пет решенија за поврат на комуналии на граѓаните кои изградиле индивидуални или колективни домови со енергетска заштита.

-Морам да напоменам, рече Јакимовски дека нашите стручни служби, веќе во банките ги префрлија утврдените средства, со што истите, инвеститорите ќе може да си ги подигнат уште утре. Ова треба да биде поттик до останатите инвеститори во Општина Карпош да градат објекти со ваква енергетска заштеда, со што на крајот од својата инвестиција веднаш ќе може да вратат дел од своите средства, рече Јакимовски.

Општина Карпош е потписник на Конвенцијата ,, 20-20-20'', со што до 2020 се постигнува 20 % намалување на штетни гасови во атмосферата, 20 % обновливи извори на енергија и 20 % намалување на потрошувачката на енергија. Истото тоа го имплементираме и кај објектите кои се под ингеренции на локалната самоуправа, како што е општинската зграда, училиштата и градинките. Во оваа пригода им беа врачени вакви решенија на приватни инвеститори физички и правни лица и тоа на: Ристо Цицонков, на Максимилијан Жвеглич и Наташа Атанасоска - Жвеглич, Розалинда Крстовска- Дугановска и Татјана- Поповска – Крстевска , Лилјана Ковачева, Антон Кајтази, Дејан и Игор Кимовски кои се пример на граѓани кои изградиле вакви енергетски -ефикасно објекти.

На фирмата „Хрисинг", продолжи Јакимовски, со задоволство и го врачувам решението, бидејќи е долгогодишен инвеститор во нашата општина, и се надевам дека ќе ги поттикнете и вашите партнери да инвестираат во градење вакви енергетски објекти.

- Сакам да знаете дека нашата општина Карпош, е прва општина на територијата на Град Скопје која веќе две и пол години има изготвено проект за гасификација, и имаше формирано претпријатие за изградба, но Владата на Република Македонија донесе закон со кој го утврди единствено Градот Скопје, надлежен за гасификацијата. Во секој момент чекаме да се изготви проектот, со кој ќе може да се гасифицираат домовите, и граѓаните масовно да го користат овој енергенс, со што ќе заштедуваат значителни средства од својот буџет за греење и ладење, заврши на крајот со своето излагање првиот човек на Карпош, Стевчо Јакимовски.

# РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

Официјални претставници од Министерството за труд, вработување, боречки и социјални прашања на Република Србија, беа во студијска посета на Општина Карпош. Домаќинот на видните гости од Белград, помошник-раководителот на Секторот за дејности од јавен интерес Гордана Зафировска, оствари едночасовна работна средба, на која на колегите од Србија им беше презентирана Програмата за труд и социјална политика на Општина Карпош.

Во текот на разговорот, најголема нагласка беше ставена на социјалната инклузија на најранливите групи, вклучително и Ромите. Во оваа сфера, Општина Карпош е една од најрепрезентативните примери, за што беше прогласена и за Општина со најголема социјална инклузија, како и одликувана со посебна награда за филантропија. Раководителката Зафировска, подетално ги објасни сите проекти на локалната самоуправа, кои се финансирани од нејзиниот буџет, а кои се однесуваат на севкупната социјална инклузија на ромската популација во Карпош. Државните службеници, од Република Србија, детално беа запознаени и со останатите проекти кои ги финансира Општина Карпош во сферата на социјалната заштита за своите сограѓани, од социјално ранливите групи, од најмала до најстара возраст.






# ЦРВЕНО-ЦРНАТА БОЈА ВО СРЦЕТО НА АНДРЕЈ

Домашната полица на Андреј со фудбалски пехари, медали, дипломи и многубројни признанија, е веќе исполнета. Карпошовиот талент, кој својата љубов кон фудбалот ја искажува на шест годишна возраст, секојдневно се труди и напорно работи на своето хоби, а тренира во ФК Вардар. Андреј Данчевски – Данстак е ученик во четврто одделение во ООУ „Лазо Трповски“, кој, и покрај честите тренинзи, успева да постигне високи оцени и во своето училиште. Тој е еден од најистакнатите ученици, а особено важен предмет на кој најмногу посветува внимание е предметот по англиски јазик.

Иако Андреј е само четврто одделение, може да се пофали со исполнети викенди во текот на целата година, и тоа со спортски натпревари кои се дел од Вардар - јуниор лигата како и детската лига на ФФМ. Освен постигнатите резултати и тимски награди, тој особено се гордее на поединечните награди за најдобар голман на турнири и тоа: Детската лига на ФФМ 2014-2015, Топ Тим-Охрид, ЛЏ Куп (LG CUP) –Битола, Фер Плеј (FER PLAY) – Охрид, турнирот по повод 13 ноември, Стајковци – Скопје.

Изминатата година беше доста “плодна” спортска година за Данстак. Од десет домашни и меѓународни турнири на кои учествувал, на осум од нив има примено најмалку голови во својата генерација, 2006 година. Андреј е конкретен пример за тоа како еден добро подготвен спортист и одличен ученик, умее да го организира своето време, на кој начин се гради дисциплина, посветеност, друштвеност и љубов кон науката и спортот заедно.

Успешниот фудбалер досега има учествувано самостојно и групно и на училишни натпревари каде има освојувано и многу други награди. Дел од нив се натпреварите по математика-„Кенгур“, натпревар за изработка на летала кој се одржа во Германија, награди со настапи во играорна секција, во шах и во многу други области.



Младиот и надежен голман на фудбалскиот клуб Вардар, на кратко ни ги пренесе почетоците од неговото хоби, кој дефинитивно тргнал по вистинскиот пат.

- Започнав во Фудбалската школа „Форца“ каде тренирав три години. Желбата да бидам голман се роди малку подоцна, по една година тренирање. Тренерот Јовче Ципунов ме ротираше на сите позиции, но најмногу пофалби и од родителите и од тренерите добивав токму тогаш кога играв на позиција голман. Тоа ми се допадна и посакав да тренирам дополнително и за голман. Затоа, преминав во ФК Вардар, каде можев да имам голмански тренинзи и да учам од најдобриот тренер за голмани, Слободан Мутибариќ. Среќен сум што тренирам и играм за најдобриот клуб од Македонија, ФК Вардар, и што имаме одличен тренер на екипа, кој ни дава безрезервна поддршка, а тоа е тренерот Игор Кралевски. Црвено црната боја ја носам во срцето и секогаш на терен играм со сето мое срце.

Сега Андреј се подготвува за завршните натпревари во детската лига за оваа година и посакува повторно да биде најдобар голман со најмалку примени погодоци во фудбалската мрежа. Му посакуваме многу среќа на претстојните натпревари.



# 30 ГОДИНИ ЕДУКАЦИЈА ВО ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ“

Со богата и разновидна програма, во петокот (13,05,2016), учениците и наставниот кадар, го одбележаа 30-годишното постоење на основното училиште „Аврам Писевски“ во населбата Бардовци. По тој повод, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски присуствуваше на културно забавната претстава во рамките на патрониот празник, а дел од прославата беа и родители, деца и претставници од локалната самоуправа. Директорката на училиштето, Марина Милеска ги поздрави присутните и напомена дека на овој ден училиштето одбележува два важни датума.

-Годинава, на овој ден, на нашето училиште му одбележуваме 30 години од постоењето, а на нашиот патрон Аврам Писевски ги славиме 95-те години од неговото раѓање. Тука децата започнуваат да се запознаваат со вистинските вредности во животот и првите успеси излегуваат токму од основното училиште.

Првиот човек на локалната самоуправа, Јакимовски се надоврза на поздравот од директорката Милеска, кој пренесе позитивни реакции за долгогодишното постоење на ова училиште и посака барем уште 30-на години да биде дел од славењето на патрониот празник.

-Ви го честитам овој голем ден за вашето училиште, јас се гордеам со вас, но, мислам дека и вие имате причина да се гордеете со нас, бидејќи создадовме прекрасни услови за да се образуваат учениците во ова убаво училиште исто како и во другите училишта од Општина Карпош. Бардовци се трудиме максималано да го разубавиме, веднаш позади ова училиште предвидено е да се гради и градинка, како и прекрасен плоштад, каде што секој од вас ќе има можност слободното време да го поминува и да се релаксира. Сакам да ги поздравам учениците на ООУ „Аврам Писевски“ и да им посакам добри успеси, изјави во пригодната честитка првиот човек на локалната самоуправа.



# „ДЕТСКИ СЕМАФОР“- ТРЕТ ПАТ ВО КАРПОШ

Општина Карпош, во соработка со Републичкиот совет за безбедност и сообраќај на патиштата во Република Македонија, по трет пат е домаќин на регионалниот натпревар по сообраќај и безбедност на учениците од основните училиште од Град Скопје.

Овој викенд, се одржува 55-тото регионално натпреварување „Детски семафор“, овој пат  во ООУ „Војдан Чернодрински“, а присутни се над 50 екипи од ученици од основните училишта на територија на главниот град. Регионалното натпреварување по сообраќај и безбедност е поделено во два дела и тоа, теоретско оценување, на кое учениците имаат можност да го покажат своето знаење за сообраќајните знаци.

Вториот дел од натпреварувањата е практичен, кадешто децата имаат можност да го истакнат својот талент на велосипедскиот полигон и да го презентираат своето досегашно знаење преку практичните вежби. Наставникот по сообраќај од ООУ „Војдан Чернодрински“ и претставник од РСБСП, Лазо Смилески, упати благодарност до локалната самоуправа и првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, што безрезервно се залага за безбедната иднина на децата во делот на сообраќајот.

-Општина Карпош по трет пат е домаќин на овој натпревар,  и знаеме дека децата во сообраќајот се изложени на опасности, а тука тие ќе научат и ќе се запознаат со повеќе детали и факти при движење во сообраќајниот метеж. Сметам дека предметот сообраќај треба да биде што повеќе застапен, како во основните, така и во средните училишта, бидејќи на тој начин децата се информираат детално и учат точно како треба да се однесуваат кога се дел од сообраќајот – заврши Смилески.

Општина Карпош трета година, ќе биде домаќин и на Државното натпреварување по сообраќај и безбедност, кое ќе се одржи на 21-ви мај во истото училиште, а се очекува присуство на голем број ученици од целата Република.



# СДСМ ПРОТЕСТИРА ПРОТИВ СДСМ

Социјаделмократскиот сојуз на Македонија изгубен и очаен почна да протестира против СДСМ. За зградата на улица Букурешка е издадено одобрение согласно законските прописи. Зад неа е интересот на државата, затоа што објектот го гради ЈП за стопанисување со стенбен и деловен простор кое е акционерско друштво во државна сопственост и единствен акционер е државата т.е. Република Македонија која гради на сопствено земјиште.

Објектот е вцртан уште во 2003 година со Одлука на Совет на Општина Карпош, кога Советот го раководеше токму СДСМ. Доколку „граѓаните" сакаат повеќе детали зашто таму е вцртана маркица со намена домување, на 50-тина метри од нив живее тогашниот секретарот и претседавач на Советот од редовите на СДСМ Трифун Трифуновски и може лично да одат и да го прашаат. Сепак треба да напомененеме дека урбанистите воделе сметка и детското игралиште нема да се урива, гаражите на граѓаните на улица Букурешка исто така нема да се чепкаат, и становите што ќе бидат изградени се сопственост на ЈП за станбен и деловен простор.

Интересен е моментот што ним не им пречеше кога иста таква зграда, на истото место, изгради главниот градски архитект , претседател на Општинска организација на СДСМ и советник во град Скопје од редовите на СДСМ, г-дин Никола Велковски, чија зграда се наоѓа паралелно со овој објект, или тие се бунат само тогаш кога тие немаат свои бизнис интереси, а им пречи ако интерес има државата?!

